Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

## Јавна анкета и Јавна презентација
## на Предлог Детален урбанистички план за Градска четврвт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје

Планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје, е дефиниран со границите на четвртта СЗ 16, одредени со ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на **северозапад**: по оска на ул. „Црногорска" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **североисток**: по оска на Бул. „Илинден" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **исток**: по оска на ул. „Ацо Шопов" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на **југ**: по оска на Бул. „Партизански Одреди" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022) и
- на **запад**: по оска на Бул. „Македонска Војска" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022).

Вкупната површина на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје, изнесува **47,389 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Јавната анкета ќе трае **10** работни дена од **19.11.2020 год.** до **02.12.2020 год.**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје, ќе биде изложен во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од **08:00 до 15:00 часот**.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **20.11.2020** год. во **13:00 часот** во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **20.11.2020** год. во **14:00 часот** во просториите на **Домот на културата Ѓорче Петров**.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-1853/2**
**Од 11.11.2020 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
1
Општина Ѓорче Петров